Друштво за маркетинг и реклами
**ИДЕНТИТИ** ДООЕЛ
Бр. 03-10/12-2025
13.08. 2025 год
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА „КУПИ 1 КИЛОГРАМ БРАШНО И ОСВОЈ НАГРАДА“

## 1. ПРИРЕДУВАЧ:

Приредувач на наградната игра **„Купи 1 килограм брашно и освој награда“** е Друштво за маркетинг и реклами ИДЕНТИТИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. АСНОМ 106/4-1 Скопје (во понатамошниот текст: „Организатор“).

## 2. ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Организаторот ја приредува наградната игра со цел рекламирање на производи на Акционерско друштво ЖИТО ЛУКС АД Скопје од асортиманот на брашно (во понатамошниот текст: „Нарачател“).

## 3. ИМЕ, ОПИС И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИГРАТА:

*3.1. Име:*

Името на наградната игра гласи **„Купи 1 килограм брашно и освој награда“**.

*3.2. Опис:*

Сите потрошувачи кои во подолу определениот период кои ќе купат најмалку 1 килограм брашно од асортиманот на ЖИТО ЛУКС АД Скопје на продажните места на **трговскиот ланец КИТ-ГО** каде што ќе се одвива наградната игра, ќе имаат можност по случаен избор да добијат некоја од наградите.

*3.3. Времетраење:*

Наградната игра ќе се одвива во период од 01.10.2025 г. до 31.10.2025

## 4. СОДРЖИНА И ОПИС НА ПОТВРДАТА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА СЕ СТЕКНУВА ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ИГРАТА:

Како потврда за учество во наградната игра ќе се сметаат **наградниот купон** и **фискалната сметка** издадена на некое од продажните места на трговскиот ланец КИТ-ГО. На наградниот купон покрај името и презимето на потрошувачот и телефонскиот број за контакт ќе треба да бидат испишани и бројот од фискалната сметка, датата и времето на купување.

## 5. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ИГРАТА:

Секој потрошувач кој ќе купи најмалку 1 килограм брашно од асортиманот на ЖИТО ЛУКС АД Скопје во трговскиот ланец КИТ-ГО маркети има право да учествува во наградната игра.

За учество во наградната игра потребно е потрошувачот по реализираната набавка на најмалку 1 кг брашно да го пополни наградниот купон кој ќе му биде врачен од страна на операторите во маркетот со следните податоци: име и презиме, телефонски број за контакт, број на фискална сметка, датум и време на купување. Пополнетиот награден купон, купувачот треба да го вметне во наменски промотивни кутии кои ќе бидат поставени на соодветно означени во маркетите во кои се одвива наградната игра.

Учесниците во наградната игра се должни да ја сочуваат фискалната сметка со која ги имаат набавено производите од наградната игра се до завршувањето на наградната игра.

Со учеството во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

Правилата на наградната игра, ќе бидат објавени пред започнување на наградната игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии, на веб страната www.zitoluks.com.mk.

Учесниците ќе можат да се запознаат со правилата на наградната игра и преку банери, флаери и постери, на социјални и останати медиуми.

## 6. ВИД И ВИСИНА НА ВЛОГОТ:

Производи кои учествуваат во наградната игра се:

- Екстра бело брашно во пакување од 1, 2 и 5 килограми
- Пекарско брашно во пакување од 1 и 5 килограми
- Сенаменско брашно во пакување од 1 килограм
- Брашно за пица во пакување од 1 килограм
- Интегрално брашно во пакување од 900 грама
- Палента во пакување од 500 грама
- Пченкарно брашно во пакување од 750 грама
- Пченичен гриз во пакување од 200 и 500 грама.
- Сет Екстра бело брашно купи 3 добиј 4 кг.
- Сет Екстра бело брашно 2x1кг.

## 7. ЛОКАЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА:

Наградната игра ќе се одржува во трговскиот ланец КИТ-ГО на територијата на Република Северна Македонија. Во продолжение е наведена целосната листа на маркети:

*Локација на* ***КИТ-ГО МАРКЕТИ****:*

1) КИТ-ГО Центар Штип - ул. Христијан Карпош бр. 39, Штип
2) КИТ-ГО 2 - ул. Борис Кидрич ББ, Пехчево
3) СУПЕР КИТ-ГО 3 - ул. Климент Охридски бр. 45ѓ, Струмица
4) КИТ-ГО 8 ноември - ул. Енгелсова бр. 8А, Штип
5) КИТ-ГО Пазар 5 - ул. 8 Септември бр. 2, Радовиш
6) КИТ-ГО Баби 6 - ул. Лески бр. 80, Штип
7) КИТ-ГО Болница 7 – ул. 8 Септември ББ, Радовиш
8) КИТ-ГО Болница 10 - бул. Александар Македонски ББ, Радовиш
9) СУПЕР КИТ-ГО 11 - ул. Борис Кидрич бр. 13А, Гевгелија
10) КИТ-ГО Автобуска 12 - ул. 29 Ноември ББ, Кочани
11) КИТ-ГО Ели 2 14 - ул. Маршал Тито бр. 26, Делчево
12) КИТ-ГО Ели 3 Стоковна 15 - ул. Маршал Тито бр. ББ, Делчево
13) КИТ-ГО Ели 4 Милково Брдо - ул. Питу Гули ББ, Делчево
14) КИТ-ГО Дабиле 17 - место без уличен систем бр. 138, Дабиле/Струмица
15) КИТ-ГО 18 - ул. Маршал Тито бр. 15, Македонска Каменица
16) СУПЕР КИТ-ГО 19 - ул. Светозар Марковиќ ББ, Делчево
17) КИТ-ГО 20 - ул. Маршал Тито бр. 70, Берово
18) КИТ-ГО 21 ЕВН - ул. Маршал Тито бр. 103А, Струмица
19) КИТ-ГО 22 - ул. Маршал Тито бр. 1, Неготино
20) СУПЕР КИТ-ГО 23 - ул. Сава Ковачевиќ бр. 46/Б, Куманово
21) СУПЕР КИТ-ГО 24 8 Ноември - бул. ЈНА бр. 7, Штип
22) СУПЕР КИТ-ГО 25 нас. Баби - ул. Балканска ББ, Штип
23) КИТ-ГО Русиново 26 - ул. Маршал Тито бр. 19, Русиново/Берово
24) КИТ-ГО 27 - ул. Маршал Тито бр. 14, Кавадарци

25) КИТ-ГО 28 - ул. Маршал Тито бр. 99, Гевгелија
26) КИТ-ГО Пазар 29 - ул. Гоце Делчев бр. 106, Кочани
27) КИТ-ГО 30 нас. Сиви дом - ул. Роза Петрова бр. 1, Кочани
28) КИТ-ГО Сара 32 - бул. Александар Македонски бр. 22, Радовиш
29) КИТ-ГО Босилово 33 - место без уличен систем бр. 135, Босилово/ Струмица
30) КИТ-ГО Зрновци 34 - ул. Генерал Апостолски бр. 29, Зрновци/Кочани
31) КИТ-ГО булевар 37 - ул. Маршал Тито бр. 17, Струмица
32) КИТ-ГО Чифлик 38 - ул. Никола Тесла бр. 2, Струмица
33) КИТ-ГО 39 - ул. Манус Турновски бр. 22А, Ново Село
34) КИТ-ГО Пазар 40 - ул. Сутјеска бр. 43А локал 1, Штип
35) КИТ-ГО Промаја 42 - ул. Борис Кидрич бр. 9 локал 1, Штип
36) КИТ-ГО Сењак 1 43 - ул. Сајбие Демир бр. 4 локал 1, Штип
37) КИТ-ГО Болница 44 - ул. Тодор Коларов бр. 23А, Штип
38) КИТ-ГО трговски центар 46 - ул. Кеј Маршал Тито бр. 37 локал 34, Штип
39) СУПЕР КИТ-ГО Куманово 55 - ул. 11 Ноември бр. 77, Куманово
40) КИТ-ГО 58 - ул. Јаким Стојковски бр. 6, Пробиштип
41) КИТ-ГО 60 Автокоманда - ул. Сутјеска бр. 50А, Штип
42) КИТ-ГО 62 - ул. Младинска бр. 160, Струмица
43) КИТ-ГО Сењак 63 - ул. Сремски фронт бр. 30А, Штип
44) СУПЕР КИТ-ГО 64 - ул. Андон Сурков бр. 36, Велес
45) СУПЕР КИТ-ГО 65 - ул. 637 бр. 4, Куманово
46) СУПЕР КИТ-ГО 66 - ул. Сутјеска бр. 48/А, Штип
47) КИТ-ГО Бутел 67 - ул. Александар Урдаревски бр. 15, Скопје
48) КИТ-ГО Расадник 68 - ул. Народни херои бр. 12, Скопје
49) КИТ-ГО Автокоманда 69 - ул. Бапчор бр. 4, Скопје
50) СУПЕР КИТ-ГО 70 - ул. Московска бр. 15, Скопје
51) КИТ-ГО 71 Пробиштип - ул. ЈНА бр. 8, Пробиштип
52) СУПЕР КИТ-ГО 75 Џевахир - ул. Матеја Матевски бр. 20/а, Скопје
53) СУПЕР КИТ-ГО 76 - ул. 534 бр. 21, Скопје
54) СУПЕР КИТ-ГО 77 - ул. Скопска бр. 5, Кочани
55) КИТ-ГО 78 пред Ново Село - ул. Васил Главинов бр. 16, Штип
56) КИТ-ГО 80 пред КБанка - Кеј Маршал Тито бр. 11, Штип
57) ВИВА ФРЕШ, Македонско Косовска бригада 11бр.1/1 Скопје -Бутел
58) ВИВА ФРЕШ, Груица Војвода бр. 2 Скопје -Бутел
59) СУПЕР КИТ-ГО 51 - ул. Индустриска зона бр. 1, Струга

## 8. НАГРАДЕН ФОНД

Во наградната игра, ќе се доделуваат следниот фонд на награди:

Награден фонд во трговски ланец КИТ-ГО маркети:

| Опис | Количина | Единечна цена | Единечна цена со вклучен ДДВ | Вкупна цена со вклучен ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| AIR FRYER - MASTER | 3 | 6.093 | 7.190 | 21.570 |
| Кујнски робот PRO | 5 | 4.797 | 5.660 | 28.300 |
| Мултикукер | 7 | 4.653 | 5.490 | 38.430 |
| Кујнски блендер | 10 | 2.195 | 2.590 | 25.900 |
| **ВКУПНО** | **25** | | | **114.200** |

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

Вкупната вредност на наградниот фонд изразена во денари изнесува 114.200 ден.

## 9. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИ

Наградната игра „Купи 1 кг брашно и освој награда" ќе има **едно извлекување** на добитници.

Наградните купони од сите продажни места на трговскиот ланец КИТ-ГО маркети вметнати во кутиите за наградната игра во периодот 01.10.2025 - 31.10.2025 ќе се соберат во продажно место Македонско Косовска бригада 11бр.1/1 Скопје, а извлекувањето на добитниците ќе се изврши на ден 7.11.2025 година во 11 часот.

*9.1. Жири комисија*

Секое од трите извлекувања на добитници ќе биде спроведено од страна на жири комисија во состав:

- Претставник од Нарачателот на наградната игра
- Претставник од трговскиот ланец КИТ-ГО
- Претставник на Организаторот на наградната игра

*9.2. Начин на извлекување на добитниците*

Добитниците ќе бидат извлечени по случаен избор од страна на еден член од жири комисијата.

*9.3. Објава на добитници*

Целосниот список на добитници ќе биде објавен во рок од три дена од завршувањето на извлекувањето на веб страницата на Нарачателот www.zitoluks.com.mk.

*9.4. Начин на подигање на добивките*

По извлекувањето и по објавувањето на добитниците на веб страницата на Нарачателот, Организаторот ќе стапи во контакт со добитниците и ќе им ја испорача наградата на домашна адреса во рок од 30 дена од денот на објавувањето на добитниците.

Трошоците за достава паѓаат на товар на Организаторот на наградната игра.

## 10. ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИГОВОР

Учесниците на наградната игра имаат право на приговори до Организаторот на наградната игра, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавувањето на добитниците на веб страната. Приговорите се доставуваат писмено на адреса на Организаторот или електронски на мејл адресата team@id.com.mk. Организаторот е должен да одговори на дадениот приговор во рок од 7 дена од денот на приемот на приговорот.

## 11. СОГЛАСНОСТ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Со учеството во наградната игра и поднесувањето на наградниот купон, учесниците потврдуваат дека се согласни да ги споделат следните категории на лични податоци со Организаторот за целите на наградната игра: име и презиме, контакт телефон. Контролор на збирката на лични податоци на учесниците во наградната игра е Организаторот на наградната игра. Организаторот ќе ги обработува овие лични податоци само за потребите и целите на наградната игра. Начинот на обработка на личните податоци на учесниците во наградната игра е физички (хартиено). Начинот на обработка на личните податоци на добитниците на наградната игра е физички (хартиено) и електронски. Во рок од 3 месеца по завршувањето на наградната игра, личните

податоци на учесниците на наградната игра ќе бидат уништени и нема да бидат обработувани за други цели.

**12. ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА НА МАЛОЛЕТНИЦИ, ВРАБОТЕНИ КАЈ ОРГАНИЗАТОРОТ, НАРАЧАТЕЛОТ И НИВНОТО ПОТЕСНО СЕМЕЈСТВО**

Во наградната игра ,,Купи 1 килограм брашно и освој награда" забрането е учеството на лица помлади од 18 години, вработени кај Организаторот и кај Нарачателот, како и на членовите на нивните потесни семејства.

**13. ВИША СИЛА**

Во случај на виша сила како и настан што не може да се контролира, исправи или предвиди од страна на Организаторот, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот поради причини независни од неговата волја и чија појава оневозможува исполнување на обврските превземени во овие правила, согласно член 9 од Законот за игри на среќа и забавни игри Организаторот има право да ја откаже наградната игра, по добивање на одобрение од Министерството за финансии, за што ќе ги извести учесниците во наградната игра преку дневниот печат.

**14. ПОТЕНЦИЈАЛЕН СПОР**

Во случај на било каков спор меѓу Организаторот и учесниците во наградната игра, таквиот спор ќе биде решен по спогодбен пат.

Доколку страните не постигнат взаемно разбирање, настанатите спорови помеѓу организаторот и учесниците во наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Овластено лице на Организаторот на наградната игра:

Андреј Миндов, управител

Друштво за маркетинг и реклами ИДЕНТИТИ ДООЕЛ Скопје

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup VI